***Број: 02 - 16834/2***
***27.08.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LVIII-ма седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 19.08.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за управување со човечки ресурси;*

- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за договарање и преговарање;*
- *Христо Трповски, шеф на оддел за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Утврди дека на денешната седница се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LVII -та седница на Управниот одбор одржана на 05.08.2009 година*

1. *Утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита;*
2. *Барања од областа на работните односи;*
3. *Барање од Реплек за повлекување на тужбата во предметот ТС бр. 848/08;*
4. *Предлог за проширување на бројот на пациенти за in vitro фертилизација по заклучок на Владата на Република Македонија;*
5. *Барање од министерот за здравство за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Барање од ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје;*
8. *Предлог на министерот за здравство за ревидирање на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2009 година;*
10. *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
11. *Барање од здравствената установа Филип 2 Дент од Кавадарци*
12. *Разно.*

*Во врска со записникот од LVII -та седница, бидејќи тој беше поделен непосредно пред почетокот на оваа седница, предложи усвојувањето да остане за следната седница. Потоа праша дали има и други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Љубиша Каранфиловски побара и Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2009 година да не биде на дневниот ред на денешната седница. Ова од причина што материјалот е обемен и членовите на Управниот одбор немаа доволно време да го разгледаат.*

*И Снежана Костадиноска Милошеска се согласи со овој предлог и додаде дека при разгледувањето на Анализата треба да биде присутен и директорот на секторот на финансии за да дава објаснувања што денес не е случај. Потоа таа побара на дневниот ред на денешната седница да биде и Листата на лекови на товар на Фондот. Ова од причина што на продолжението на LVI -та седница кога на Листата беа додадени нови генерики, таа не присуствуваше и не беше во можност да ги слушне објаснувањата на предлозите. Поради тоа сака уште еднаш да се разгледаат финансиските импликации од таа измена, а особено настатата состојба по поништувањето на одлуката со која за тие нови генерики беа утврдени референтни цени.*

*Управниот одбор го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред на седницата, како и предлогот усвојувањето на записникот од LVII -та седница да остане за следната седница, исто како и разгледувањето на Анализата, по што едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. *Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита;*
3. *Барања од обласа на работните односи;*
4. *Барање од Реплек за повлекување на тужбата во предметот ТС бр. 848/08;*
5. *Предлог за проширување на бројот на пациенти за in vitro фертилизација по заклучок на Владата на Република Македонија;*
6. *Барање од министерот за здравство за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Барање од ЈУ од обласа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје;*
9. *Предлог на министерот за здравство за ревидирање на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
11. *Барање од здравствената установа Филип 2 Дент од Кавадарци;*
12. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Листа на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Снежана Костадиноска Милошеска на почетокот побара објаснување на начинот на остварувањето на правото на лекови кои се на Листата на лекови на товар на Фондот за кои по поништувањето на последната Одлука за референтни цени на минатата седница нема референтни цени. Ова е важно прашање за осигурениците но исто така е важно да се знае дали настаната состојба може да предизвика трошоци за Фондот. Додаде и дека на седниците што му претходеа на вклучувањето на нови лекови на Листата, кога исто така се дискутираше за предлогот за нејзино проширување, Управниот одбор бараше проширувањето да биде поткрепено со финансиска анализа. Таква анализа не беше изготвена а до проширување сепак дојде на седницата од 20 јули. Во врска со тоа, праша чија ќе биде одговорноста ако настанат трошоци за Фондот со влегувањето во сила на проширената Листа.*

*Лазар Трајчев објасни дека гледано од правен аспект, Фондот е обврзан да плаќа за лековите кои се вклучени на Листата на лекови на товар на Фондот. Кога за некој лек има утврдена референтна цена, во примарната здравствена заштита Фондот го обезбедува тој лек преку аптеките. Ако осигуреното лице кога има потреба од таков лек не го најде во три аптеки па е принудено да го купи со сопствени средства, со приложување на потврда може да добие рефундација на средствата до висина на референтната цена. Кај лековите за кои нема референтна цена, а се наоѓаат на Листата на лекови на товар на Фондот, осигуреното лице има право на рефундација во висина на платената цена. Штом за еден лек нема референтна цена, тој не ќе може да се најде во аптеките, па во таков случај, дури и осигуреното лице лекот да го набавило во странство ќе има право на рефундација на целиот платен износ. Се разбира дека ваквата состојба носи ризик, бидејќи Фондот не може да процени со колкави трошоци ќе треба да смета. За надминување на ваквата состојба е неопходно или да се донесат референтни цени веднаш, или да се симнат од листата лековите за кои нема референтни цени. Во однос на одговорноста за зголемените трошоци, таа е секогаш кај оној што донел одредена одлука. Управниот одбор може да донесе одлука и без анализа а може да користи и повеќе анализи па да одлучи на која ќе и даде доверба. Според статутот на Фондот и деловникот за работа на Управниот одбор, Управниот одбор може и да формира комисии и други работни тела како и да ги задолжува стручните служби на Фондот да изготвуваат анализи. Сепак, тоа се помошни тела од консултативен карактер а одговорноста за донесената одлука е секогаш на Управниот одбор.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска праша дали постои правен акт кој ги уредува критериумите и методологијата за вклучување на лекови во Листата на лекови на товар на Фондот.*

*Лазар Трајчев одоговори дека постои правилник за утврдувањето на референтните цени на лековите но не и таков за критериумите и методологијата за вклучување на лекови во Листата.*

*Директорот Тренкоски дополни дека е неопходно да се донесе таков правилник.*

*Љубиша Каранфиловски пак потсети дека на второто продолжение на 56-та седица кога беше проширена Листата на лекови на товар на Фондот и се донесоа референтни цени цени за нив, присуствуваше Мерјем Хаџиханза, претседател на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија формирана од министерот за здравство. Тогаш таа наведе дека комисијата работи врз основа на правен акт - упатство и дека при изготвувањето на предлогот за проширување на Листата, комисијата се водела од потребата и со проширувањето да се остане во рамките на истиот буџет. Тоа пак може да се постигне со балансирање на референтните цени и на други лекови. Наведе дека го поддржал проширувањето на Листата затоа што од објаснувањето се стекнал со убедување дека со услогласеното проширување на Листата и донесување на референтни цени нема да има негативни финансиски импликации за Фондот. Со поништувањето на одлуката за референтните цени, ситуацијата е променета и можеби постои опасност од негативен финансиски ефект.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша за какво упатство зборувала Мерјем Хаџиханза а Лазар Трајчев одговори дека не знае за постоењето на такво упатство.*

*Потоа директорот Тренкоски потенцираше дека веќе подолго време е убеден дека најголем проблем во фармацијата во Македонија е работата на Бирото за лекови. Тоа работи без методологија и воопшто надвор од регулативата. Неговата работа се одразува во сите сфери што ги покрива, па и на референтните цени на лековите кои се базираат на единствените цени утврдени од Бирото.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

*За следната седница на Управниот одбор да се покани директорот на Бирото за лекови за на Управниот одбор да му даде објаснувања за методологијата на утврдување на единствената цена на лековите како и да даде одговор и на други прашања од интерес на Управниот одбор.*

*Во продолжение, директорот Јелникар нагласи дека Листата на лекови на товар на Фондот има смисла единствено доколку за вклучените лекови има утврдени референтни цени. Укажа и дека Макдонија е единствена земја во регионот во која комисијата за Листата на лекови ја формира министерството. Логиката налага, таквата комисија да биде во Фондот. Постоечката комисија нема капацитет за финансиска анализа на ефектите од предложените измени.*

*Горан Коевски рече дека за седницата кога се донесоа измените на Листата на лекови и на Одлуката за референтни цени на лекови постоеше анализа но не беа присутни претставници на стручните служби за да дадат дополнителни објаснувања а и директорот поради итни обврски ја напушти седницата. Праша и кој ги формира соодветните комисии за листата на лекови во земјите на регионот.*

*Директорот Јелникат одговори дека ваквите комисии секогаш ги формираат фондовите, односно органите кои се надлежни за донесување на Листата на лекови.*

*Потоа Горан Коевски праша дали според сегашната регулатива, Управниот одбор може да формира таква комисија а Лазар Трајчев одговори дека според статутот на Фондот и деловникот за работа на Управниот одбор, Управниот одбор може да формира комисии за работи од неговата надлежност.*

*Беким Сали пак укажа дека во таков случај, комисијата на Фондот би можела да дојде во колизија со Бирото со лекови и со комисијата за листата за лекови формирана од министерот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска по ова наведе оти од досегашната расправа се наметнува заклучок дека во услови кога е поништена одлуката за утврдување на референтни цени, потребно е да се поништи и одлуката со која се прошири Листата на лекови на товар на Фондот. Исто така, се наметнува потребата од донесување на правилник за уредување на критериумите и методологијата за вклучување на лекови односно за вршење на измени во Листата.*

*Беким Сали пак наведе дека и со донесување на цени за лековите од Листата кои останаа без референтни цени, може да се избегнат негативни финансиски импликации. Во врска со донесувањето на правилник за уредување на измените во Листата на лекови и ревидирање на Листата, укажа дека тоа би можело да се направи како втор чекор по утврдувањето на референтни цени. Ова оттаму што последните измени ќе се применуваат од 1 септември па најдобро е во интерес на времето сега да се утврдат референтни цени.*

*Лазар Трајчев укажа дека и со донесување на референтни цени за тие лекови ќе има финансиски импликации за Фондот, со оглед на проширената листа, само што за разлика од сегашната состојба тие би биле предвидливи.*

*Директорот Тренкоски наведе дека и според неговите сознанија постои поширока поддршка за ревидирање на Листата на лекови, но со воедначена методологија и со важење од 1. јануари 2010 година.*

*Борис Јосифовски како можно решение предложи да се одложи примената на последните измени на Листата на лекови, така што наместо од 1 септември да се применуваат од некоја подоцнежна дата. На ова директорот Тренкоски одговори дека одлагањето не е добро решение за проблемот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска предложи да се поништи измената на Листата на лекови и во рок од еден месец да се изготви и донесе правилникот за Листата на лекови.*

*Беким Сали пак наведе дека со поништувањето само делумно ќе се реши проблемот и дека добар краен рок за изготвување на правилник за Листата на лекови е 1 јануари 2010 година.*

*Директорот Тренкоски укажа дека ако не се поништи измената на Листата, постои опасност од финансискиот ефект особено од лековите Бонвива и Броскар.*

*Страшо Наумоски потсети дека на седницата кога измената беше донесена, на неговото прашање за можноста од широко користење на овие лекови и со тоа поврзаните негативни финансиски влијанија, од Мерјем Хаџиханза беше одговорено дека е подготвен правилник за препишувањето на лековите со кој се уредени условите за нивна примена, и дека со тоа ќе се спречи нивно нерационално препишување. Потоа, сумирајќи ја расправата по оваа точка на дневниот ред, наведе дека одлуката за проширување на Листата на лекови*

*треба или да се поништи или да се пронајдат средства за нејзино реализирање. Ако нема средства за реализирање, тогаш тој се залага за поништување на одлуката за проширување.*

*Љубиша Каранфиловски побара да се разгледа можноста до 1 септември да се изготват цени за новите лекови на Листата зашто кога ја поништи одлуката за референтните цени, Управниот одбор ги остави во сила измените на Листата на лекови. Ако пак сметаме дека нови цени не може да се изготват до 1 септември, тогаш може да се размислува за поништување на измените на Листата.*

*Директорот Тренкоски по ова потенцира дека Фондот во никој случај не е против проширување на Листата со нови лекови. Меѓутоа, тоа треба да се направи по извршени анализи. Заради тоа и смета дека 1 јануари 2010 година е добар рок до кој ќе може да се донесат неопходните подзаконски акти и да се направат потребните анализи. На крајот, од клучно значење е и допрецизирањето на буџетот за 2010 година, односно да се знае дека во него ќе ги имаме потребните средства.*

*По ова, Беким Сали повтори дека ставот на Министерството за здравство е да се донесат референтни цени за лековите кои останаа без цени а сите останати чекори, формирање комисии, донесување на подзаконски акти, и ревидирање на Листата на лекови да се прават во наредниот период до крајот на годината. Побара Управниот одбор да го прифати овој став.*

*Снежана Костадиноска Милошеска во врска со тоа рече дека таков предлог би прифатила кога би имале обезбедени средства за негова реализација, но во услови кога немаме, не може да го прифати.*

*Директорот Тренкоски укажа дека двете можности во оваа ситуација се, да се вратат поништените цени за новите лекови на Листата, или да се поништи измената на Листата со која се додадоа нови лекови.*

*Според Љубиша Каранфилоски, двете можности се, да се изготват нови цени наместо поништените за новите лекови на Листата, или да се поништи измената на Листата со која се додадоа нови лекови.*

*Беким Сали побара да се изготват нови цени по што Управниот одбор повторно би се состанал за да ги усвои.*

*Страшо Наумоски праша со која од наведените можности, нема да има финансиски импликации за Фондот а директорот Тренкоски одговори дека финансиски импликации би немало ако се поништи одлуката за проширување на Листата на лекови.*

*Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека имајќи ја во вид обврската на Фондот за рефундирање на целосниот платен износ за лековите кои се на Листата на лекови а за кои нема референтна цена, јасно е дека со опстојување на проширувањето на Листата се прави штета на Фондот. Затоа, побара да се стави точка на неизвесноста и да се поништи одлуката за проширување на Листата.*

*Овој став го поддржа и Горан Коевски.*

*Директорот Јелникар повтори дека двете одлуки, за проширување на Листата на лекови, и за утврдување на референтни цени имаа смисла како пакет. Но, по поништувањето на одлуката за референтните цени, тој пакет веќе не постои па и тој не ја поддржува сегашната состојба.*

*И директорот Тренкоски го изнесе својот став дека одлуката за проширување на Листата на лекови треба да се поништи. На забелешката од Беким Сали оти досега директорите не кажаа дека Фондот нема средства за реализирање на Листата, кажа дека и тој и директорот Јелникар го известија Управниот одбор дека Фондот не ги доби очекуваните дополнителни средства од Министерството за финансии. Тоа и беше основната причина што уште пред донесувањето на двете одлуки не даде поддршка за нив.*

*По ова, Беким Сали изрази жалење што не се постигна заеднички став, заради што министерот за здравство најверојатно ќе се огради од одлуката, а потоа побара членовите на Управниот одбор со гласање да се изјаснат дали се за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 02-13446/3, донесена на 20.07.2009 година.*

*За поништување на Одлуката гласаа Снежана Костадиноска Милошеска, Борис Јосифовски, Страшо Наумоски и Горан Коевски.*

*Љубиша Каранфиловски беше воздржан.*

*Беким Сали гласаше против поништување на Одлуката.*

*Беким Сали потоа предложи Управниот одбор да го разгледа и дописот од Министерството за здравство во врска со Листата на лекови на товар на Фондот, во кој се укажува дека треба да се изврши измена на јачината кај лекот Anti D (RhO Immunoglobulin) кој е на Листата со јачина од 250 mcg/ml. Од Министерството се укажува дека иако лекот со оваа јачина има важечко одобрение за пуштање во промет на територијата на Република Македонија, со таа јачина веќе не се произведува. Измената е неопходна затоа што во овој момент здравствените установи не можат да го обезбедат лекот поради што е дефицитарен, а се работи за лек со витално индикационо подрачје кој во овој момент пациентите сами го набавуваат. Потребно е јачината од 250 mcg/ml да се замени со јачини кои можат да се набават.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да се изврши измена кај лекот Anti D (RhO Immunoglobulin), така што јачината од 250 mcg/ml ќе се замени со јачина од 200 mcg/ml и јачина од 300 mcg/ml.*

*На тој начин, Управниот одбор донесе*

***Одлука***

***за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која ја поништи Одлуката за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 02-13446/3, донесена на 20.07.2009 година, и изврши измена на јачината кај лекот Anti D (RhO Immunoglobulin), така што јачината од 250 mcg/ml се замени со јачина од 200 mcg/ml и јачина од 300 mcg/ml.*

*Истовремено, Управниот одбор донесе и*

***Заклучок:***

*Стручните служби на Фондот да изготват правилник за уредување на критериумите и методологијата за вклучување на лекови односно за вршење*

*на измени во Листата листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Врз основа на со правилникот утврдените критериуми, до крајот на 2009 година да се изврши ревидирање на Листата на лекови*

***ТОЧКА 2 -*** *Утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита*

*Директорот Тренкоски рече дека по консултација со стручната служба на Фондот се стекнал со убедување дека предложените цени кои се разгледуваа и на минатата седница кога се побара нивна дополнителна анализа се коректно изготвени. Поради тоа, се предлага на Управниот одбор истите да ги усвои.*

*Борис Јосифовски, анализирајќи ги составните елементи на цената, укажа дека е потребно референтната цена да содржи и дел за амортизација на возилата со кои се врши превозот.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа дека референтната цена претставува механизам за фактурирање на услугата на превоз во рамките на утврдениот буџетски плафон на здравствената установа, и дека ако таа е прифатлива за Клиниката за детски болести, вака како е предложена од Фондот, таа заслужува да биде поддржана.*

*По ова, Беким Сали ги стави предлог референтните цени на гласање а Управниот одбор го поддржа предлогот и едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита***

***ТОЧКА 3 -*** *Барања од областа на работните односи*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, пред Управниот одбор беше даден за разгледување приговорот на Весна Гошевска на новиот променет договор за работа со кој е прераспоредена на работно место во подрачната служба Скопје.*

*Ставот на Фондот по приговорот кој претходно во писмена форма беше доставен на членовите на Управниот одбор го објасни Слаѓана Пешевска.*

*Горан Коевски пред почетокот на нејзиното излагање укажа дека претходно доставеното мислење во писмена форма не е потпишано од изготвувачот. Побара, во иднина да не се случуваат вакви пропусти, и на сите материјали кои се разгледуваат на седниците на Управниот одбор а се изготвени во Фондот, да биде назначен односно потпишан нивниот изготвувач.*

*Ова барање беше поддржано и од останатите членови на Управниот одбор.*

*Потоа Слаѓана Пешевска објаснувајќи го ставот на Фондот по приговорот, наведе дека што се однесува до областа на работните односи, Управниот одбор има надлежност да одлучува во случаите кога работник во Фондот*

*приговара за добиен отказ, а не и во врска со прераспоредување извршено со цел ефикасно искористување на капацитетите на вработените во Фондот. Приговорот е презентиран на Управниот одбор бидејќи е до него адресиран па ако членовите на Управниот одбор тоа го бараат, може да ги запознае со работењето на работничката која го вложила приговорот. Меѓутоа, Управниот одбор нема надлежност по него да одлучува.*

*Љубиша Каранфиловски, праша дали е поведена дисциплинска постапка и дали има мислење од синдикалната организација бидејќи распоредување на работно место како категорија не постои и ако се работи за нов договор тогаш да не биде со помалку бодови од предходното работно место, за да истото не се доживува како казна.*

*По ова Горан Коевски предложи, бидејќи одлучувањето по вакви приговори не е во надлежност на Управниот одбор, точката точката да биде симната од дневниот ред и во иднина барањата кои не се во надлежност на Управниот одбор воопшто да не се предлагаат за ставање на дневен ред на седниците.*

*Предлогот беше поддржан и од останатите членови на Управниот одбор, па приговорот на Весна Гошевска беше едногласно симнат од дневниот ред на седницата и Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***
*За вклучување во дневниот ред на седниците на Управниот одбор да не се предлагаат барања за одлучување по кои не е надлежен Управниот одбор, дури и во случаите кога тие од барателот се упатени до Управниот одбор на Фондот.*

***ТОЧКА 4 -** Барање од Реплек за повлекување на тужбата во предметот ТС бр. 848/08*

*Беким Сали отворајќи ја расправата по оваа точка наведе дека според него Управниот одбор не треба да разгледува предмет кој е во судска постапка.*

*Љубиша Каранфиловски пак наведе дека членовите на Управниот одбор ги разгледаа мислењата на адвокатите на Фондот но дека би сакале да го слушнат и ставот на стручната служба на Фондот.*

*Лазар Трајчев на ова кажа оти по неговите сознанија досега нема пракса да се одлучува по судски предмети од страна на Управниот одбор. Со екстензивно толкување на законот и статутот, Управниот одбор би можел да разгледува и ваков вид на предмети, но тогаш би можеле пред него да се поставуваат прашања и за други судски предмети кои ги води Фондот, за што Управниот одбор треба да заземе став.*

*Директорот Тренкоски додаде дека барањето на Реплек е упатено до Управниот одбор и дека директорот на Реплек веќе присуствуваше на седница на Управниот одбор заради објаснување на барањето, по што согласно заклучокот на Управниот одбор беше побарано мислење од адвокатите на Фондот. Во овој предмет е карактеристично што еден од изготвувачите на документ кој се користи како доказ во тужбата на Фондот, пред кривичниот*

*суд изјавил дека не учествувал во изготвувањето на тој документ. Тоа отвора дилеми за исходот на парницата во која Фондот бара враќање на средства од Реплек. Во кривичниот предмет Фондот нема влијание на текот на постапката, но во парницата може да превземе дејствија кои смета дека се оправдани и корисни за Фондот.*

*Горан Коевски праша како е поведена парницата против Реплек и истакна дека тој што ја повел треба да одлучува и за нејзиниот тек.*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа постапка како и други постапки што ги води Фондот е поведена со издавање на налог и полномошно од директорот на Фондот на правниот застапник - адвокатот на Фондот.*

*Горан Коевски праша дали повлекувањето на тужбата во овој предмет ќе има влијание на текот на кривичната постапка против директорот на Реплек, и дали ако барањето од страна на судот биде прогласено за застарено, по евентуалната осудувачка кривична пресуда, Фондот ќе може врз основа на таа пресуда да ги бара истите средства. На крајот, наведувајќи оти смета дека одлучувањето за текот на судските предмети не е во надлежност на Управниот одбор, предложи Управниот одбор да донесе и начелен став кој ќе важи и за другите вакви предмети односно барања во врска со нив.*

*Директорот Тренкоски истакна дека прашањето за тоа дали на Фондот му е причинета штета со испораката на дијализери од Реплек, било разгледувано од Управниот одбор на Фондот во 2004 година. Затоа сметал дека и сега Управниот одбор ќе одлучи за текот на поведената парнична постапка. Предложи ако тоа му е потребно на Управниот одбор, да се повика и адвокатот кој ја води постапката на следната седница да одговара на прашања во врска со предметот.*

*Горан Коевски укажа дека со тоа би бил направен преседан и дека Управниот одбор би бил ставен во позиција и во иднина да анализира поединечни предмети и да ги консултира адвокатите кои го застапуваат во одделна постапка.*

*По ова, Беким Сали ја заклучи расправата по оваа точка на дневниот ред, и предложи Управниот одбор со заклучок да утврди дека одлучувањето за ова барање не е во надлежност на Управниот одбор.*

*Членовите на Управниот одбор го поддржаа предлогот, па Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Одлучувањето по барањето на Реплек АД Скопје за повлекување на тужбата во предметот ТС бр. 848/08 не е во надлежност на Управниот одбор на Фондот.*

***ТОЧКА 5 -*** *Предлог за проширување на бројот на пациенти за in vitro фертилизација по заклучок на Владата на Република Македонија*

*Објаснување по оваа точка даде Бранислава Катушевска. Наведе дека веќе во месец јули од страна на здравствените установи се достигнати износите на средства договорени со Фондот, односно се остварени бројот на интервенции*

*со кои се исполнуваат износите. Исклучок е здравствената установа Ултра Медика. До Фондот се упатени барања од Ре Медика од Скопје и Плодност од Битола за проширување на бројот на пациенти. Врз основа на податоците со кои располага Фондот се изготвени и предлозите за изменување на одлуките со кои е утврдена висината на надоместокот што Фондот го исплаќа на одделните здравствени установи за БПО услуги.*
*Директорот Јелникар дополни дека еден дел од средствата наменети за БПО услуги треба да се зачуваат за случај во оваа година да се појави и друга здравствена установа од оваа област па да треба и со неа да склучиме договор. Особено ако тоа биде во градовите кои се подалеку од Скопје. Додаде и дека е потребно и да се направат контроли во здравствените установи во кои се даваат БПО услуги зашто имаме сознанија дека  над утврдените 80.000 денари. Наведе и дека го поддржува зголемувањето на бројот на услугите и надоместокот, но и дека треба да се анализира и утврди дали некои од здравствените установи отскокнуваат со успешноста на резултатите.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека успешноста на БПО услугите треба да се анализира преку процентот на успешноста на клиничката бременост и дека успешноста на една здравствена установа треба да биде показател каде Фондот да ги насочува средствата наменети за БПО услуги. Додаде дека и тој има сознанија за наплатување на партиципација од страна на матичните гинеколози што е недозволиво и треба да се провери.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи, стручните служби на Фондот да изготват анализа за успешноста на здравствените установи во давањето на БПО услугите. По нејзиното изготвување, Управниот одбор повторно ќе расправа за висината на надоместокот што го исплаќа на здравствените установи за БПО услуги во насока на зголемување на бројот на пациенти на кои овие услуги ќе им бидат дадени.*

***ТОЧКА 6 -** Барање од министерот за здравство за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување*

*По оваа точка објаснување даде Лазар Трајчев. Тој укажа дека во врска со ова барање кое се однесува на поднесувањето на трошоците за патување на осигурените лица кои се третираат со хемодијализа, уште кога тоа пристигна во Фондот до Управниот одбор е доставено мислењето на стручната служба. Во него е изнесен ставот дека одредбите на овој правилник не може да содржат одредби со кои здравствената установа се задолжува или упатува на обезбедување на одредена услуга по пат на јавна набавка. Фондот го поддржува залагањето на Министерството за уредување на овој аспект на услугата хемодијализа но е на став дека текстот на правилникот со таква цел треба да биде многу поквалитетен. Поради тоа и се предлага формирање на работна група составена од претставници на Фондот и на Министерството за здравство, која би работела на текстот на измените на правилникот. Фондот и Министерстовото досега во повеќе наврати успешно соработувале на таков начин.*

*На укажувањето на Беким Сали дека има делови од предлогот што не се спорни и прашањето дали тие би можеле да се поддржат на денешната седница, Лазар Трајчев одговори дека е најдобро за предлогот да се изготви сеопфатно*

*решение, усогласено помеѓу Фондот и Министерстовото. Во спротивно би можело да се појават недоречености и проблеми во примената.*

*Горан Коевски праша колку време би било потебно за заедничката работна група да го усогласи текстот, а Лазар Трајчев одговори дека би биле потребни неколку седмици.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

*Да се формира работна група со учество на претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Министерството за здравство која ќе изготви заеднички предлог текст за уредување на прашањето за покривање на трошоците за превоз на осигурените лица кои ја добиваат здравствената услуга хемодијализа.*

***ТОЧКА 7 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Поради тоа што со поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 02-13446/3, донесена на 20.07.2009 година на поинаков начин беше решено ова прашање, точката Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија беше симната од дневниот ред на седницата.*

***ТОЧКА 8 -*** *Барање од ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје*

*До Фондот е пристигнато барање и опомена пред тужба од Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, во која од Фондот се бара плаќање на средства врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија со која таа е основана и е уредено намирувањето на обврските што нејзиниот претходник ги имал.*

*Мислењето на стручната служба на Фондот по ова барање го изнесе Бранислава Катушевска. Таа наведе дека во доставеното барање од страна на не е дадена целосната слика на долговите и побарувањата настанати со трансформацијата на УК со состојба од 05.09.2007 година, туку селективно се искажани само долговите кои се однесуваат за периодот до 05.09.2007 година, кои заклучно со 23.07.2009 година се платени од страна на јавната установа, односно не се искажани наплатените побарувања заклучно со 23.07.2009 година кои се настанати до периодот од трансформацијата на УКЦ како би се согледала пореално потребата за исплата на дополнителни финансиски средства од ФЗОМ.*

*Како што е наведено во дописот крајниот рок за исплата на кредитот за купување на ангиографот е 06.08.2010 година што како обврска е неспорна за прифаќање за месеците кои следуваат според договорената динамика.*

*Ех анте финансиската контрола на ФЗОМ има извршено поголем број контроли во јавната установа заради усогласување на состојбата со долговите и извршените плаќања од ФЗОМ. Со извештајот 07-15411/1 од 24.07.2009 година кој е доставен на Управниот одбор, во прилог од страна на ех анте финансиските контролори е констатирано дека ФЗОМ има исплатено 53.681.786 денари повеќе од прикажаните долгови на ЈЗУ УКЦ Скопје заклучно со 24.07.2009 година.*

*Заради утврдување на фактичката состојба со долговите кои се однесуваат до трансформацијата на УКЦ Скопје, односно до 05.09.2007 година се препорачува во ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, да се изврши заедничка контрола од страна на ех анте финансиската контрола на ФЗОМ и ревизијата од Министерство за здравство со која ќе се утврдат покрај долговите и наплатените побарувања заклучно со 31.07.2009 година, по што да се состави заеднички записник. Во меѓувреме да се исплатат средства во висина од 10 милиони денари за набавениот ангиограф кој Фондот неспорно треба да ги плати.Тие средства може да се обезбедат со намалување на буџетските плафони на здравствените установи Поликлиника од примарната здравствена заштита и Поликлиника од специјалистичко консултативната здравствена заштита во рамките на Државниот универзитет Тетово кои немаат склучено договор со Фондот.*

*Беким Сали се согласи со ова, наведувајќи дека се работи за средства што Фондот секако ќе треба да ги плати.*

*Борис Јосифовски пак наведе дека спротивните ставови на оваа установа и Фондот во однос на прашањето дали Фондот должи или е во претплата треба да се реши со усогласување на сметководителите на двете институции и потпишување на заеднички записник за констатираната состојба.*

*Директорот Тренкоски наведе дека ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар има континуирано недефиниран статус. Фактот што е правен наследник на претходно постоечка установа значи дека освен активата ја наследува и пасивата. Со одлуката на Владата, Фондот е обврзан да ги подмири сите нејзини долгови настанати до 05.09.2007 година, но проблем е тоа што не знаеме колкави се тие и постојано се појавуваат нови.*

*По ова, Беким Сали предложи а Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Фондот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар да и исплати 10.000.000 денари за плаќање на кредитот за ангиограф.*

*За останатиот дел од побарувањето, да се побара од Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи*

*универзитетски клиники, завод и ургентен центар заедничко утврдување на меѓусебните побарувања.*

*Заради реализирање на овој заклучок, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година***

*со која поради тоа што сеуште не се склучени договори помеѓу Фондот и Државниот универзитет Тетово Поликлиника од примарната здравствена заштита и Поликлиника од специјалистичко консултативната здравствена заштита, изврши намалување на нивните буџетски плафони од 10.500.000 на 6.390.411, односно од 15.050.000 на 9.159.589 денари.*

***ТОЧКА 9 -*** *Предлог на министерот за здравство за ревидирање на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По предлогот на министерот за здравство за ревидирање на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија Управниот одбор расправаше во рамките на точката 1на дневниот ред, при што донесе одлука со која изврши измена на јачината кај лекот Anti D (RhO Immunoglobulin), така што јачината од 250 mcg/ml се замени со јачина од 200 mcg/ml и јачина од 300 mcg/ml.*

***ТОЧКА 10 -*** *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места***

*со која населеното место Броштица, општина Центар Жупа, подрачна служба Дебар е утврдено како оддалечено рурално место.*

***ТОЧКА 11 -*** *Барање од здравствената установа Филип 2 Дент од Кавадарци*

*Барањето на здравствената установа Филип 2 Дент од Кавадарци се однесува на продолжување на договорот со Фондот и покрај фактот што лекарот кој е носител на дејноста ги исполнил условите за старосна пензија.*

*Лазар Трајчев објасни дека Фондот постави ограничување за склучување на договори пред се заради поттикнување на вработувањето на млади лекари. Меѓутоа, Министерството за здравство при издавањето на лиценцни за работа не прави разлика по однос на возраста и им издава лиценци и на лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање. Покрај тоа, и од Народниот правобранител имаме добиено укажувања дека Фондот не треба да поставува ограничувања во однос на возраста на лекарите. Имајќи ги во вид*

*укажувањата на Народниот правобранител и праксата на Министерството, можеби е најдобро да се завземе генерален кој ќе се применува на сите лекари кои исполниле услови за старосна пензија.*

*Горан Коевски праша, со кого Фондот ги склучува договорите, дали со лекарот кој ја врши дејноста или со здравствената установа, правното лице во која работи, а Лазар Трајчев одговори дека договорот се склучува со здравствената установа. Поради тоа, додаде тој, ако здравствената установа има решение за работа од Министерството за здравство со кое се утврдува дека таа ги исполнува условите за работа, од Фондот нема пречка за склучување на договор, освен Одлуката на Управниот одбор за ограничувањето на склучувањето на договори со носители на дејност кои ги исполнуваат условите за пензионирање.*

*По оваа дискусија, Беким Сали побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат по барањето на здравствената установа Филип 2 Дент од Кавадарци, а Управниот одбор едногласно одлучи, договорот со оваа здравствена установа да се продолжи и да важи до крајот на календарската 2009 година.*

***ТОЧКА 12 -*** *Разно*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување па дневниот ред на седницата беше исрпен со разгледувањето на точката 11. Управниот одбор во 16.50 часот заврши со работата на LVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Беким Сали***